

**Ковачки**

Денеска откриваме нов скандал за премиерот - дезертер од Армијата на Република Македонија.

Според информациите кои стигнаа до нас, премиерот Ковачевски свесно го избегнал служењето на воениот рок и тоа токму во периодот на воениот конфликт во 2001 година, односно не одговорил на повикот на својата татковина кога за тоа бил побаран и кога и' бил најпотребен.

Како и сите граѓани на Република Македонија кои во тој период служеа во редовите на АРМ, така и сегашниот нелегитимен премиер морал да се јави во војничките редови.

Но повторувам, според информациите со кои располагаме, дезертерот Ковачевски СВЕСНО го избегнал служењето на воениот рок во АРМ.

**Причината поради која дезертирал е дека е цитирам: трајно неспособен.**

Ковачевски кој сега е премиер и ги ужива сите благодети на слободата и на демократијата, којашто ја има бидејќи луѓе загинале за таа слобода и демократија, додека тој бегал од војска, не се јавил на отслужување на воен рок и не се пријавил во 2001 година, иако бил повикан.

Ковачевски е човек дезертер, кој не заслужува да ја води државата.

Го повикуваме дезертерот Ковачевски во рок од 24 часа да каже дали навистина избегал и дали е трајно неспособен, или лажел пред институциите и лекарите?

Да излезе и да каже, во спротивно ќе објавиме се што имаме.

Доколку е навистина трајно неспособен, тогаш мора веднаш да се повлече од премиерската позиција.

Доколку дезертерот Ковачевски бил трајно неспособен да отслужува војска и да ја брани државата, тогаш како е способен да биде премиер?

Дали на чело на владата имаме трајно неспособна личност и дали тоа е причината поради која Македонија е понижувана.

Одговорност мора да има како за дезертерот Ковачевски, така и за целата СДС, коишто наместија трајно неспособна личност на чело на Владата.

Дали Ковачевски е поставен за премиер, токму затоа што е трајно неспособен?